Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për infrastrukturë Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
БР./Nr. 04 - 2745/1
21-08-2026 20 год./vit
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за железничка инфраструктура**
***Железници на Република Северна Македонија - Скопје***

Врз основа на член 37-и, и 37-њ од Закон за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22, 274/22 ,208/24,193/25 и 96/26), член 20-г од Закон за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 143/19, 14/20, 208/24 ) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр.0201-6041/4 од 04.12.2017 година, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје објавува

ЈАВЕН ОГЛАС број 1/2026

за вработување на неопределено време на 3 (три) лица даватели на јавни услуги, група III подгрупа 5, на следните работни места:

1. КДР0305Б03079 Прегледувач на вагони, станица Табановци, Одделение за ТПВ - север, Сектор за технички преглед за вагони,1 извршител(и),

   **Општи услови:**

   - да е државјанин на Република Македонија,
   - активно да го користи македонскиот јазик,
   - да е полнолетен,
   - да има општа здравствена способност за работното место,
   - со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование, машинство;
- со или без работно искуство во струката.

**Други посебни услови:**

- Извршен здравствен преглед според, Правилникот за утврдување на здравствената способност на другите железнички работници;

**Распоред на работното време:**

- работни денови според распоред (турнус 12/24-12/48)
- работни часови 40
- работно време од 07:30 до 19:30 и од 19:30 до 07:30 (дневна/ноќна).

**Паричен износ за нето плата:32,277.00 денари**

2. КДР0305Б04091 Пружен работник, група Железара југ, Делница Скопски чвор, Одделение за пруги-останати пруги, Сектор ЗОП-Скопје, 1извршител(и),

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- стекнато најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ (тригодишно средно образование), или IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО (четиригодишно средно образование);
- со или без работно искуство во струката.

**Распоред на работното време:**

- работни денови понеделник -петок
- работни часови 40
- работно време од 07:00 до 15:00

**Местото на извршување на работните задачи: Делница Скопски чвор**

**Паричен износ за нето плата: 29,028.00 денари**

3. КДР0305Б04091 Пружен работник, група Депо, Делница Скопски чвор, Одделение за пруги-останати пруги, Сектор ЗОП-Скопје, 1извршител(и),

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- стекнато најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ (тригодишно средно образование), или IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО (четиригодишно средно образование);
- со или без работно искуство во струката.

**Распоред на работното време:**

- работни денови понеделник -петок
- работни часови 40
- работно време од 07:00 до 15:00

**Местото на извршување на работните задачи: Делница Скопски чвор**

**Паричен износ за нето плата: 29,028.00 денари**

Заинтересираните кандидати можат да аплицираат за вработување со доставување на пријава за вработување со податоци и документи/докази за исполнување на условите за вработување, во писарницата на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје на ул. „Железничка" бр. 50б - 1000 Скопје или препорачано по пошта со назнака „за јавен оглас за вработување" и реден број на работно место согласно Јавниот оглас", (пријавата за вработување може да се преземе на web страната www.mzi.mk или од писарницата на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје).

**Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно, со точни податоци и изјава дадена под материјална и кривична одговорност со која кандидатот потврдува дека податоците од пријавата се точни.**

**Доказите за исполнување на условите треба да бидат во оригинална форма или копии заверени на нотар.**

**Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.**

**Некомплетната и ненавремената документација нема да се земе предвид при разгледувањето на пријавите.**

Вработувањето ќе биде на неопределено време.

Рокот за пријавување на кандидатите е 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавување на јавниот оглас на веб страната на претпријатието и во дневниот печат, а изборот ќе се изврши согласно законски пропишаните рокови.

Постапката за избор на кандидатите ќе ја спроведе Комисија за селекција за вработување формирана од Директорот на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

Постапката на селекција за избор и вработување на кандидатите за даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази, и тоа:

Фаза 1 - Административна селекција;

Фаза 2 - Интервју (се спроведува само со уредните кандидати, согласно барањето на работното место);

**Дополнително**: За работното место под реден 1 за кое се бара кандидатите да исполнуваат и **Други посебни услови**: Прво рангираните кандидати ќе бидат упатени на претходен лекарски преглед на товар на ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје во избрана здравствена установа.

Врз основа на утврдена здравствена способност дека се психофизички и телесно способни и дека ги исполнуваат пропишаните здравствени барања за вршење на соодветената работа согласно „Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на здравствената способност, начинот на утврдување и проверките и роковите за редовен и вонреден здравствен преглед на другите железнички работници", ќе се донесе Одлука за избор, а по конечноста на одлуката со кандидатите ќе се склучи договор за вработување.

По завршување на сите фази на селекција за вработување, за извршениот избор секој кандидат ќе биде известен.

Лице за контакт: Ленче М.Петровска,
Контакт тел:02/2449-657.

**Јавно претпријатие за железничка инфраструктура**
**Железници на Република Северна Македонија-Скопје**